Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-3858
19-04-2022 год.
СКОПЈЕ

**ПРЕДЛОГ**

Управниот одбор на ГД Гранит АД Скопје на 8-та редовна седница одржана на 19.04.2022 година, расправајќи за Извештајот од ревизорите за извршена ревизија на годишната сметка, консолидираната годишна сметка и посебните и консолидирнаите финансиски извештаи на Друштвото, согласно член 57 од Статутот на Гранит, ја утврди и му предлага на Собранието да ја усвои следнава

# О Д Л У К А

1. Се усвојува Извештајот од ревизорите за извршената ревизија на Годишната сметка, консолидираната годишна сметка и посебните и консолидираните финансиски извештаи на ГД Гранит АД Скопје, за работењето во 2021 година.

2. Извештајот од ревизорите за извршената ревизија на Годишната сметка, консолидираната годишна сметка и посебните и консолидираните финансиски извештаи на ГД Гранит АД Скопје, за работењето во 2021 година се прилог на Одлуката.

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесување.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Друштвото за ревизија Мур Стивенс ДОО Скопје изврши ревизија на Годишната сметка, консолидираната годишна сметка и посебните и консолидираните финансиски извештаи за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година. Ревизијата е спроведена согласно Меѓународните стандарди за ревизија и извештајот на ревизорите дава мислење дека финансиските извештаи и годишната сметка (посебни и консолидирани) ја презентираат веродостојно и објективно финансиската состојба, резултатите од работење, како и паричните текови за годината која завршува на 31 декември 2021 година во согласност со сметководствените стандарди кои се прифатени во Република Северна Македонија. Управниот одбор ги прифаќа Извештаите и му предлага на Собранието во таа смисла истите да ги усвои.

Претседател на Управен Одбор

Страшо Милковски

Доставено до:
-Собрание на акционери
-Сектор за финансиски работи
-Сектор за ПКОР
-А р х и в а